**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ**
**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП**

# ВОСПИТАНИЕ

## Списание за теорија и практика

Штип, 2003/04

Год. 3 бр.4-5

# ВОСПИТАНИЕ

Списание за теорија и практика

Издавач:
Педагошки факултет „Гоце Делчев„ - Штип

За издавачот:
Д-р Блаже Китанов, декан

**Редакциски одбор:**

Д-р Блаже Китанов, редовен професор (претседател)
М-р Емилија Петрова Ѓорѓева, асистент (секретар)
Д-р Кирил Цацков, доцент
Д-р Стеван Алексоски, вонреден професор
Д-р Ванчо-Жан Колев, вонреден професор
Д-р Владимир Михајловски, доцент
М-р Снежана Мирасчиева, асистент

**Јазична редакција:**
Д-р Блаже Китанов

**Компјутерска обработка:**
Јереј Николче Ѓорѓев

**Тираж:**
500 примероци

Списанието излегува двапати годишно

**Ирена СТОЈАНОВА**
**студент во четврта година**
**Педагошки Факултет - Штип**

# МУЛТИКУЛТУРНА ДИМЕНЗИЈА НА НАЦИОНАЛНИОТ НАСТАВЕН ПЛАН

Во рамките на проектот „Партнерство за развој на демократијата во образованието" во кој П.Ф. „Гоце Делчев" Штип е партнер имав можност да учествувам во проектот „Обука за учителствување во мултикултурни институции", кој се реализираше за време на мојот тримесечен престој на универзитетот во Малме, Шведска. При посетувањето на овој проект имав можност да консултирам литература од мултикултурното подрачје. Посебен впечаток ми остави книгата „Мултикултурна димензија на националниот наставен план" од авторите Ана Кинг и Мишел Реис. Авторите посебно внимание посветиле на наставниот план кој се користи во училиштата со мултикултурни заедници.

Книгата „Мултикултурна димензија на националниот наставен план" зборува за Националниот наставен план во Англиската и Велшката едукација. „Мултикултурната димензија на националниот наставен план" е поделена во четири дела со различни поглавја. Информациите во книгата се од 1988 година од Едукативниот Реформен Акт до Октомври 1992 година кога авторите ја пишуваат книгата.

Во првиот дел од книгата авторите зборуваат за **контекстот**. Најмногу од се тие се задржуваат на Едукативниот Реформен Акт од 1988 година. Овој акт го појаснува наставниот план за учениците од обврзна училишна возраст, и новите легални барања за наставниот план. Во овој акт најголем акцент се дава на Мултикултурната Дебата според која главен приоритет на наставникот е да ги задоволи очекувањата на родителот. Посебно место во книгата и се остапува на Едукацијата на Граганството која е најбитен концепт во филозофијата на сите три политички партии кои постоеле во 1988

година а нај акцентирана е Мултикултурната одговорна група (која споре одредени извори никогаш и не постоела). Оваа група била основана во Мај 1989 година кога Советот го одобрил нејзиното основање. Работата на групата не била задоволувачка бидејки слабоста на едукативниот систем им била добро позната на сите но никој не преземал ништо во врска со тоа.Тогаш во 1990 година се формирале опозициони мислења на мултикултурниот наставен план кои предизвикале несогласувања на групата и нејзино уништување во Јануари 1991 година.

Вториот дел од книгата е посветен на наставниот план и се вршат објаснуваат проблемите со кои се соочува секој наставник и секое училиште.Во овој дел се опфатени поголем број од предметите кои се изучуваат во училиштата и помошта при нивното реализирање.

**Математика:** Информациите за овој наставен предмет авторите ги бараат во Националниот математички наставен план. Ваквиот план го надополнуваат математиката како културно знаење, хуманизмот во математиката, проучувањето на математиката во многубројните и технолошки општества.

**Англиски јазик:** Во ова поглавје станува збор за потребата за англискиот јаик како основно средство на мултикултурната и мулти-етничката едукација.

**Наука:** За да се надополни ова прашање со информации авторите го објаснуваат во вид на реторика со поставување на прашањата: Кој е научник? Што е тоа наука? Целта на ваквиот предмет е вовед на мултикултурна наука и наука која е анти-расистичка.

**Историја:** Од голема важност е наставниот план за овој предмет затоа што зборува за англиската историја и мора да биде перфектен.Се напоменуваат начини на проучување соодветни со мултикултурниот пристап, предавања и помагање на националниот наставен план по историја.

**Географија:** Врската помеѓу географијата и мултикултурната димензија на едукацијата е неизбежна. Во ова поглавје се вметнати работи кои се неизбежни за добар наставен план а тоа се:изучување на стари географски книги, појавата на згриженост, извештаи со распространетоста на мултикултурноста.

**Дизајн и технологија:** Технологијата и дизајнот заземаат 80% од училишната важност, па затоа тие се обврзни предмети на возраст од 5 до 16 години. Во овој предмет се вметнуваат цели на посветеност како што се:

- идентифицирање на потреби и можности;

- производство на дизајн;
- планирање и обработка;

**Информатичка технологија:** Употребата на компјутерот и компјутерските податоци е постојано промовирана со предметните наредби од националниот наставен план. Електронската комуникација дава целосно нова димензија на обезбедувањето на мултикултурните матерјали во училницата. Вклучувањето на информатичката технологија како предмет во наставниот план во англискиот едукативен систем е многу корисно за студентите и нивното откривање на светот.

**Музичка уметност:** Музиката како предмет дава многу задоволувачки резултати во наставниот план особено затоа што е застапена кај децата на возраст од 5 до 14 години. Статиите кои се смета дека се доста важни и треба да се во наставниот план се :традиции и културни начини на музика, подеднаков пристап на музичко остварување на сите ученици,опширен пристап до светската музика и други.

**Визуелна уметност:** Аворите на оваа книга увиделе дека со учење на уметноста учениците можат да научат не само за британската уметност туку и за европската уметност.

**Физичко воспитување и танцување:** Во ваквите видови на предмети голем акцент се става на историското потекло на спортот бидејки се смета дека е од голема важност за државата. Вклучувањето на спортот и танцот како школски предмет е олеснително за учениците на тој начин што ги прави послободни со другите предмети. Во танцовата област се смета дека ке биде поефикасна само кога ке се изучуваат сите европски танци.

**Странски јазик:** Целта на овој предмет е да се открие димензијата за учење на јазик. Поголема развиеност на јазикот како во дневната така и во годишната работа на наставникот.Овде станува збор и за социјализацијата во училиштата, јазикот на школувањето, алтернативни погледи и друго.

**Богословија:** Религијата во европските земји зазема големо место и кога овој предмет би бил вклучен во наставниот план тогаш не би бил повеке критикуван.Овде станува збор за кратки религиозни содржини, многукратно религиозно воспитување, методи и матерјали за многубројни религии.

Веднаш по оформувањето на наставниот план овие автори централно место му даваат и на училиштето.Вршат објаснување на сите школски проблеми,целосната школска полиса и комуникацијата

мегу учениците и училиштето.Училишниот развиток ја планира улогата и управното тело. Улогата на управникот или директорот е многу важна во сите земји во светот бидејки од тоа зависи дисциплината во училиштето.

Ова дело завршува со презентирање на информации за **начелата и вежбите.** Во училишните термини мултикултурата е разбрана повеке како поучување за другите култури(уметноста, фолклорот,јазикот, религијата). Главното прашање на Европската Димензија е дали мултикултурната едукација значи едукација за егзистенција на културите. Во оваа книга воедно е споменат и Европскиот Акт кој е оформен во Февруари 1986 година, а е започнат на 1. 01.1993 година. Актот не се однесува на едукацијата туку на перспективното отстранување на економските пречки. Како голема тема за дискусија се поставува и прашањето за црнечката и анти-расистичката тема која преовладува во поголемите европски држави и преставува еден од најголемите проблеми за разликите кои се појавуваат во образовниот систем.